# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за финансии |
| Назив на предлог законот | Предлог на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци - поединци |
| Краток опис на проблемот | Управата за јавни приходи води евиденција на блокирани сметки на субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци (задруги, совети, работилници, комисии, дуќани, автопревозници, синдикални организации, куќни совети, месни заедници и др), пренесени од Агенцијата за работа со блокираните сметки на учесниците во платниот промет чии жиро сметки (блокирани сметки) не се пренесени на носителите на платен промет. За овие субјекти не може да се спроведе постапка за нивно затворање по одредбите од Законот за трговски друштва, поради тоа што за некои од нив не е познат законскиот основ за нивното формирање, не се преземени и не се евидентирани како субјекти во Централниот Регистар а и немаат соодветна идентификација. |
| Цел на предлог законот | Донесувањето на Предлогот на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци има за цел да обезбеди трајно завршување на преостанатите работи со блокираните сметки на учесниците во платниот промет кои своите жиро сметки не ги пренесоа од Заводот за платен промет на носителите на платен промет најдоцна до 31 декември 2001 година, односно затворање на жиро сметките на субјектите кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци како и пренесување на преостанатите |

| | |
|---|---|
| | парични средства од блокираните сметки во Буџетот на Република Македонија. |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Септември 2014 |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Преку консултации во текот на подготовката на предлог законот |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk. |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставаат мислењата, забелешките и сугестиите | Министерство за финансии<br>Луј Пастер 6б<br>1000 Скопје |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>02/3255-350 |
| Други информации | / |